АМБАСАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ШВАЈЦАРСКАТА КОНФЕДЕРАЦИЈА
AMBASSADE DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDOINE EN CONFEDERATION SUISSE
BOTSCHAFT DER REPUBLIK MAKEDONIEN IN DER SCHWEIZERISCHEN EIDGENOSSENSCHAFT
AMBASCIATA DELLA REPUBBLICA DI MACEDONIA IN CONFEDERAZIONE SWIZZERA

**Број : 04-03-** 177/2

**Датум : 10.03.2009 година**

***ДО : СИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РМ ВО ШВАЈЦАРСКАТА КОНФЕДЕРАЦИЈА***

1. Потсетуваме дека, согласно утврдениот распоред, претставници на Амбасадата по втор пат организираат конзуларни денови, кои во март ќе се одржат :

**во сабота, 14.03.2009, од 12- 16 часот во Муралто – Via Municipio 5, 6602 Muralto**

**во сабота, 21.03.2009 , од 12 - 16 часот во Вил – Titlisstrasse 3A, 9500 Wil**

**во сабота, 28.03.2009 од 12 - 16 часот во Ешалан – Rue de Praz Palaud 8, 1040, Echallenes**

2. Веќе известивме за идејата за повторно поднесување барања за издавање пасоши во некои амбасади на РМ, што, со воведувањето на биометриските пасоши, не е можно од април 2007 година. Во меѓувреме, дипломатско-конзуларните претставништва на РМ во Берн, Бон и Венеција, како и Канбера, Мелбурн, Вашингтон, Детроит и Торонто добија инструкции пробно да почнат да собираат податоци за државјаните на РМ кои би поднеле барање за издавање пасоши во овие ДКП-а. Наместо првобитно предложената комплицирана процедура во три фази, на што Амбасадата укажуваше, надлежните органи во РМ прифатија олеснување на процедурата.

**Мобилната екипа од РМ ќе престојува во Амбасадата во Берн во сабота и недела, 11 и 12 април 2009, а ќе работи од 9 до 17 часот**

- Заинтересираните ќе треба на факсот на Амбасадата 031 352 00 37 да достават копија од истечениот пасош (страницата со фотографијата и регистерскиот број на пасошот, заедно со матичниот број), **како и својот телефонски број, на кој дополнително ќе им биде потврден терминот**. Можат и телефонски да се јават на броевите 031 352 00 28 или 031 352 00 30, при што, покрај името и презимето и телефонскиот број, ќе мораат да го кажат регистерскиот број на пасошот и матичниот број (затоа, како поефикасно решение, инсистираме на испраќање на копија на пасошот по факс). Врз основа на доставените податоци, Амбасадата до МВР на РМ изговува список на заинтересираните, кој се затвора најмалку 10 дена пред доаѓањето на мобилната екипа.

Само врз основа на позитивно известување од МВР за секое барање поединечно, Амбасадата ќе го потврдува терминот и точниот час за доаѓање во Амбасадата. **Без потврден термин од Амбасадата странките не треба да доаѓаат**, бидејќи, или квотата за тој месец е исполнета, или, според известувањето на МВР, не се исполнети некои законски услови за издавање нов пасош (неутврден државјански статус, непријавен брак - промена на презиме, во меѓувреме сторено кривично дело и сл.).

**ВАЖНО : Рокот за пријавување (по факс, или телефонски) за првата посета на мобилната екипа е понеделник, 23.03.2009 година. По исполнувањето на квотата од 60 подносители на барања, нема да се земаат во предвид понатамошните барања и тие ќе бидат ставени на листата за следната посета на мобилната станица на Берн.**

- За време на престојот на мобилната екипа, на странките ќе им се земаат отисоци од прстите, ќе бидат фотографирани и ќе пополнуваат картончиња со своите податоци.

- Доколку потпишат изјава дека се согласни готовите пасоши да им бидат доставени со препорачана пошта, на странките, наместо по втор пат да доаѓаат во Берн, пасошите ќе им бидат доставени по пошта (поштарината е вклучена во цената на изготвените пасоши).

Цената за лица до 27 години ќе изнесува **160 швајцарски франци** , а за возрасни над 27 години - **270 франци**.

**Нагласуваме дека се работи за пилот проект**, чии резултати дополнително ќе се анализираат од надлежните органи. Капацитетот на мобилната станица за прибирање податоци на ден е околу 30 странки, така што бројот на можните подносители е ограничен.

**Се уште немаме прецизни податоци колку често оваа мобилна станица ќе гостува во одредени амбасади, вклучувајќи ја и Амбасадата во Берн. За секој дополнителен термин ќе известуваме со допис.**

**Исто така, со оглед дека пасошите се изготвуваат во РМ, не можеме да го гарантираме времетраењето на изготвувањето на пасошите, односно колку време ќе измине од денот на земање на податоците од страна на мобилната станица, до денот на добивањето на пасошите на адресата во Швајцарија (иако надлежните ќе се обидат овој рок да биде околу еден месец, што би било оптимално). Во периодот до 2007 година, времето на чекање за добивање на готовите пасоши од МВР на РМ изнесуваше од 2 до 3 месеци.**

Амбасадата во Берн смета дека вистинско долгорочно решение е поставување базна станица во Амбасадата во Берн – постоење апаратура со која трајно ќе се земаат податоци за издавање на пасоши на РМ, наместо гостување на мобилните станици. Врз основа на бројот на заинтересираните странки, а со помош на Владата на РМ, можеби ќе се успее во втората фаза од проектот поставување на постојана апаратура. Сепак, сметаме дека е добро што Владата на РМ ги прифати повеќето забелешки на Амбасадата во Берн за имплементација на првата фаза – прибирање податоци преку гостувања на мобилни станици, со само едно доаѓање на странките во Берн.

**И понатаму ќе постои можноста барањата за пасоши да се поднесуваат во Република Македонија, по цена од 45 франци (за итно изготвување за 2 работни дена – 120 франци), при што во Амбасадата во Берн, за пат до Република Македонија, би се добивале, како и досега, патни листови (потребни : 60 франци, 2 фотографии, истечениот пасош - или негова копија, дозвола за престој во Швајцарија).**

3. Известуваме дека на **29.03.2009 година во Цирих**, во рамките на четврт-финалето на Европскиот ракометен куп, ќе се состанат екипите на ракометниот клуб Металург од Скопје и Amititia –Zuerich. Ги повикуваме сите македонски државјани во Швајцарската Конфедерација да дојдат во Цирих и по трет пат во последните три месеци (Шафхаузен, Винтертур) да и помогнат на една македонска ракометна екипа во дуел со швајцарски ракометен противник.

Вршител на должност Амбасадор

во Амбасадата на Република Македонија во Берн

Јасмин Ќахил